-трансфери и донации 74.545.752,00 денари

**2.Приходите на буџетот на дотации за корисниците од образование, култура, детска заштита и противпожарната дејност, се реализирани во висина од 323.616.309,00** денари или 94,00% од планираните приходи 344.283.441,00 денари. Приходи добиени од трансферите од други нивоа на власт, и тоа од Министерство за образование, Министерство за култура, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за одбрана.

**3.Приходите на буџетот на самофинансирачките активности, се реализирани во висина од 12.732.773,00 денари** или 64,00% од планирание 19.895.969,00 ; и се состојат од наплатени приходи од извршени услуги на корисниците од ЈОУ; и тоа за административни такси, надоместоци, такси за упис, други образовни такси , други неданочни приходи итн.

**4.Приходите на буџетот донации, се реализирани во висина од 7.755.189,00 денари** или 118,20% од планираните 6.560.764,00 денари. Приходи обезбедени за одредени донации согласно склучени договори за одредени проекти со Општина Гевгелија-Изградба на спортско рекреативен парк "Топлк". Финансирањето за одобрените проекти од Европската унија, се однесува за добиените донации на ЈОУ СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, програма Н2-Средно образование.

**Вкупните побарувања за ненаплатени приходи** на општина Гевгелија со состојба на ден 31.12.2024година, изнесуваат **102.588.110,00 денари** и се однесуваат за следните видови на приходи и тоа:

- ненаплатени приходи за надомест за бесправно изградени објекти 4.442.292,00 денари
- ненаплатени приходи за надомест за поставување урбана опрема 963.108,00 денари
- ненаплатени приходи за комунална такса за користење јавен простор за правни лица и СВД 4.965.835,00 денари
- ненаплатени приходи за комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места(билборди) 126.900,00 денари
- ненаплатени приходи за комунална такса за користење на плоштади 41.190,00 денари
- ненаплатени приходи за надоместок -уредување на градежно земјиште 20.955.295,00 денари
- побарувања за надоместок за закуп 4.629.528,00 денари
- побарувања за данок на имот од физички лица 21.056.018,00 денари
- побарувања за данок на имот правни лица 17.171.263,00 денари

- побарувања за камати од данок на имот 260.833,00 денари
- побарувања за комунална такса за истакнување фирма од правни лица и самостојни вршители на дејност 25.007.334,00 денари
- побарувања за данок на промет од физички лица 1,774.407,00 денари
- побарувања за данок на промет од правни лица 0 денари и
- побарувања за данок на наследство и подарок 1.194.107,00 денари

Во општиот и посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година, прикажани се реализираните расходи за сите плаќања (одливи), според строго определени намени, прикажани по програми, потпрограми и економска класификација на расходни ставки.

## РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Вкупно реализираните расходи на Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година** во висина од 644.308.154,00 денари изнесуваат 95,07% од вкупно планираните расходи за 2024 година односно 677.730.678,00 денари.

Во Билансот на расходи на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година, групата на расходи согласно Правилникот за класификација на расходни ставки, во вкупно реализираните расходи од 644.308.154,00 денари го има следното учество:

40-плати и надоместоци 327.936.026,00 денари или 50,89%
41-резерви и недефинирани расходи 747.500,00 денари или 0,12%
42-стоки и услуги 128.667.759,00 денари или 19,97%
45-каматни плаќања 4.582.146,00 денари или 0,71%
46-субвенции и трансфери 51.873.791,00 денари или 8,05%
48-капитални расходи 118.298.198,00 денари или 18.37% и
49-отплата на глвница 12.202.734,00 денари или 1,89%

1.Реализираните расходи на **Основниот буџет на општина Гевгелија за 2024**година во висина од 297.826.633,00 денари ја има следната структура на наменски расходи и тоа:

40-плати и надоместоци 56.372.406,00 денари или 18,29%
41-резерви и недефинирани расходи 747.500,00 денари или 0,25%
42-стоки и услуги 76.399.326,00 денари или 25,66%
45-каматни плаќања 4.582.146,00 денари или 1,54%
46-субвенции и трансфери 50.301.106,00 денари или 16,89%
48-капитални расходи 97.221.415,00 денари или 32,64% и
49-отплата на глвница 12.202.734,00 денари или 4,10%.

**Реализираните капитални расходи на Основниот буџет прикажани во Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година во висина од 97.221.415,00 денари во споредба со планираните од 98.227.467,00 денари, учествуваат со 98,97%**, со што ја

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

задржуваат развојната компонента на инвестициони активности, кои се прикажани по програмите и синтетичките ставки.

Во вкупните расходи во Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година, капиталните расходи учествуваат со реализација од 118.298.198,00 или 92,49% во споредба со планираните 127.905.200,00 денари.

2.Реализираните расходи на **Буџет-дотации на општина Гевгелија за 2024** година во висина од 323.616.309,00 денари ја има следната структура на наменски расходи и тоа:

-40-плати наемнини и надомстоци-271.563.620,00 денари или 83,92%
-42-стоки и услуги-40.194.151,00 или 12,42%
-46-субвенции и трансфери-1.135.742,00 денари или 0,35% и
-48-капитални расходи-10.722.796,00 денари или 3,31%

3.Реализираните расходи на **Буџет-самофинансирачки активности на општина Гевгелија за 2024** година во висина од 11.847.922,00 денари ја има следната структура на наменски расходи и тоа:

-42-стоки и услуги-10.661.789,00 или 90,00%
-46-субвенции и трансфери-436.943,00 денари или 3,68% и
-48-капитални расходи-749.190,00 денари или 6,32%

4.Реализираните расходи на **Буџет-донации, на Буџетот на општина Гевгелија за 2024** година во висина од 5.067.354,00 денари ја има следната структура на наменски расходи и тоа:

-42-стоки и услуги-1.412.493,00 или 27,87%
-48-капитални расходи-3.654.861,00 денари или 72,13%

**Обврската за добиени а неисплатени фактури и ситуации за Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година,** со состојба на ден 31.12.2024 година, изнесува 54.640.558,00 денари.

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов***

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување на средства за основање на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија**

Се објавува Одлуката за утврдување на средства за основање на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/3
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 10 став (1) т.3 од од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019; 89/2022; 274/2022; 208/2024 г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), а по препорака на Државниот завод за ревизија на РСМ, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на средства за основање на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија**

**Член 1**

Средства за основање на ЈКПД ,,Комуналец“-Гевгелија се утврдува на износ од 5.000 евра, во денарска противвредност.

**Член 2**

Средствата утврдени во член 1 од оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, Програма А0-Совет на Општина Гевгелија, и истите ќе се исплатат на сметка на ЈКПД ,,Комуналец“-Гевгелија по среден курс на Народна банка на РСМ на денот на исплатата.

Средствата да се депонираат на посебна потсметка утврдена за таа намена.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-418/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за одобрување субвенции за набавка на велосипеди**

Се објавува Одлуката за одобрување субвенции за набавка на велосипеди, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/4
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ’’ бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија’’ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување субвенции за набавка на велосипеди**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува субвенционирање на граѓаните на Општина Гевгелија во трошоците за набавка на велосипед и се утврдуваат начинот, условите и постапката за субвенционирање.

**Член 2**

Субвенционирањето на граѓаните на Општина Гевгелија во трошоците за набавка на велосипед, ќе се финансира од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

Вкупните средства планирани за оваа намена изнесуваат 500.000,00 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.

Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство изнесува 5.000,00 денари во бруто, односно 4.500,00 денари во нето износ.

**Член 3**

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства според принципот ,,прв дојден, прв услужен“.

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на решение донесено од Градоначалникот на Општина Гевгелија, се до искористувањето на предвидените средства.

**Член 4**

За субвенционирање на граѓаните на Општина Гевгелија при набавка на велосипед, Општина Гевгелија ќе објави јавен повик.

Јавниот повик од став 1 на овој член ќе се објави на огласната табла и веб страната на Општина Гевгелија, како и во локалните медиуми и ќе трае се до моментот на исцрпување на средствата предвидени за оваа намена.

Во јавниот повик се објавуваат условите за учество и пријавување на граѓаните утврдени со оваа одлука.

**Член 5**

Постапката за субвенционирање на велосипед ќе ја спроведе комисија составена од претседател и двајца членови и нивни заменици, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација.

Комисијата од став 1 на овој член има обврска:

-да го објави јавниот повик за субвенционирање на набавка на велосипед;
-да ги разгледа и провери сите пристигнати барања во врска со објавениот повик и
-да даде предлог до Градоначалникот за прифаќање,одбивање или отфрлање на поднесените барања, во зависност дали барателот ги исполнува условите дадени во јавниот повик.

Комисијата за својата работа води записник.

**Член 6**

Барање за субвенција може да се поднесе во периодот од денот на објавувањето на јавниот повик се до исцрпување на средствата.

Право на субвенционирање имаат лицата кои велосипедот го купиле во периодот од 1 април 2025 година се до моментот на исцрпување на средствата.

Барањата кои ќе бидат некомплетни и поднесени после истекот на рокот утврден во јавниот повик ќе бидат одбиени или отфрлени со решение на Градоначалникот на Општина Гевгелија со образложение на причините за тоа.

Лицата кои добиле надоместок за купување на велосипед во претходните години, немаат право да учествуваат на јавниот повик и нивните барања ќе бидат отфрлени.

**Член 7**

Подносителот на барање за субвенционирање на велосипед треба да ги исполнува следните услови:

-да е полнолетен жител на Општина Гевгелија;
-да е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;
-во домаќинството да нема друг член што поднел барање за добивање на ваков вид на субвенција.

Лицето кое ќе поднесе барање за доделување на субвенција за велосипед со барањето треба да ја достави следната документација:

-копија од важечка лична карта или важечка патна исправа;
-копија од трансакциска сметка;
-изјава за давање согласност за користење на лични податоци;
-потврда од Општина Гевгелија дека е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;
-доказ дека велосипедот е купен од трговци кои дејноста ја обавуваат на територијата на Општина Гевгелија со приложување на фискална сметка или фактура.

**Член 8**

Вработените во општинската администрација и членовите на Советот на Општина Гевгелија, како и членовите на нивното потесно семејство (родител, брачен другар, деца) немаат право на учество на јавниот повик за доделување на субвенции за набавка на велосипед.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-419/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за финансиска помош**
**за медицински третман во странство**

Се објавува Одлуката за финансиска помош за медицински третман во странство, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/5
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 43 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за финансиска помош**
**за медицински третман во странство**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од **300.000 денари** на Викторија Костадинова од Гевгелија за медицински третман во клиника во Загреб, Република Хрватска.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година од Основниот буџет, Програма Д0 – Градоначалник ставка 464990-други трансфери, а ќе се исплати на сметка 200001800178663 Стопанска банка, на име Мери Костадинова од Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-420/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2025 година**

Се објавува Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/6
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**---------------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г. и "Службен гласник на РСМ" бр.202/24 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20. 02/21 и 05/21 год.),Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2025 година**

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програма за поддршка на активностите на НВО секторот во 2025 година се:

-создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,

-давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани,

-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

**2.Активности**

Во 2025 година општината ќе ги поддржи следните активности на НВО секторот, и тоа:

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од Буџетот на О.Гевгелија за 2025 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | Црвен крст на РСМ, ОО-Гевгелија | -Секое дете со својата автентичност 3,<br>-Топлотен бран 2025<br>-Првата помош спасува живот,<br>-ТОК – логистика на пожари и катастрофи 2025. | 180.000 ден. |
| 2 | Здружение на пчелари "АПИТОКСИН"- Гевгелија | -Едукативни посети – практичен дел за основните училишта, посета на пчеларник и едукативно дружење,<br>-Едукативни предавања – вовед во пчеларството за основните училишта на Општина Гевгелија,<br>-Јавен настан: Гевгелија – протагонист во органското производството. | 25.000 ден. |
| 3 | Здружение за мултимедиална култура "МУЛТИМЕДИЈА" –Скопје, отсек Гевгелија | -Бизнис вмрежување – млади гевгелиски претприемачи,<br>- Ликовна колонија ТОПЛИК. | 25.000 ден. |
| 4 | Здружение на спорт и рекреација на инвалиди ЗСРИ - Гевгелија | -Организирање на Стара Нова Година – ВАСИЛИЦА,<br>-Одржување на меѓуопштински меморијален турнир во табла,<br>-Организиирање на натпревар во пикадо и набавка на електронско пикадо. | 30.000 ден. |
| 5 | Здружение на лица со телесен инвалидитет на Гевгелија "МОБИЛНОСТ" - Гевгелија | -Одбележување на меѓународниот ден на жената 8-ми март со ручек и скромен подарок,<br>-Еднодневна екскурзија со активност во природа на излетничко место Дојран,<br>-Одбележување на 3-ти декември – меѓународниот ден на лицата со попреченост. | 20.000 ден. |
| 6 | ОО на Сојузот на борците на Македонија – Гевгелија | -Програма за одбележување на јубилејни настани и личности од подалечната и поблиската историја на НОБ,<br>-Одбележување на државни и општински празници и други настани од меѓународно значење.... | 20.000 ден. |
| 7 | Здружение на слепи лица - Гевгелија | -Дводневна екскурзија во Охрид. | 20.000 ден. |
| 8 | Асоцијација за пулмонална хипертензија "МОМЕНТ ПЛУС" - Гевгелија | -Подобрување на негата и третманот во лекувањето на ПХ,<br>- Реализирана кампања за подигање на јавната и институционална свест за | 20.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | постоење на ПХ....... | |
| 9 | Здружение на пензионерите на Македонија - Гевгелија | -Регионални и републички спортски игри,<br>-Културни манифестации, ревии, регионални и републички музички песни и игри.... | 20.000 ден. |
| 10 | Здружение за заштита наживотните "НАЛА РЕСКЈУ" - Гевгелија | -Овозможување на кастрација/стерилизација за кучиња со и без сопственици,<br>-Едукација за одговорно сопственииштво,<br>-Трајно згрижување на бездомни кучиња. | 15.000 ден. |
| 11 | Здружение на одгледувачи на пчели "НЕКТАР" - Гевгелија | -Едукација за користење на пчелните производи. | 25.000 ден. |
| 12 | ЗГ "МАКЕДОНСКА ПЧЕЛА" - Негорци | -Регионално унапредување и популаризација на пчеларството,<br>-Популаризација на пчеларството помеѓу граѓаните, запознавање на локалните пчелари со современи модели и напредни методи.... | 20.000 ден. |
| 13 | ЗГ Ловечко друштво "ОРЕЛ" - Гевгелија | -Организирање завршен лов. | 30.000 ден. |
| 14 | Здружение Кинолошко друштво "КОЖУФ"- Гевгелија | -Меѓународна изложба на сите раси на кучиња – 17.05.2025 г.<br>-Меѓународна изложба на сите раси на кучиња – 18.05.2025 г.<br>-Тековна работа на терен, посета на сопственици на расни кучиња, посета на изложби, учество на семинари..... | 40.000 ден. |
| 15 | ЗСПХВ "ПРЕГРАТКА ЗА СИТЕ" - Гевгелија | -Готвиме заедно, готвиме здраво,<br>- И бездомните кучиња и мачиња се жители на овој град,<br>- Забавата е во природа.... | 15.000 ден. |
| 16 | ЗГ "ПОДДРШКА"- Гевгелија | -Превенција од зависности преку усвојување на здрави животни стилови... | 20.000 ден. |
| 17 | ЗГ "СМОКВИЦА"- Гевгелија | -Курбан од црква св.Димитрија (јануари),<br>-Курбан од црква св.Димитрија (мај),<br>-Курбан од црква св.Димитрија (ноември). | 15.000 ден. |
| 18 | Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија | -Програма за развој на граѓанскиот сектор,<br>-Програма за поттикнување на младинскиот активизам,<br>-Програма за развој на локалната демократија. | 20.000 ден. |
| 19 | Национална алијанса за лица со посебни потреби – Гевгелија | -Рана интервенција – индивидуални третмани со специјален едукатор и рехабилитатор. | 350.000 ден. |
| | ЗГ ГЕВГЕЛИЈА ТОЧАК | -Пролетен вело натпревар – ГЕВГЕЛИСКА | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | КЛУБ – Гевгелија | ПРОЛЕТ,<br>-СИТЕ УФ СЕРМЕНИН,<br>-Аматерски трки со велосипед ГЕВГЕЛИЈА СЕ ТРКА,<br>-ГЕВГЕЛИСКИ ВЕЛО НАСТАН,<br>-Денови на дрвото и едукација за одржливост,<br>-ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ВЕЛО ОПРЕМА....<br>- КАМПАЊА – ПАРКИНЗИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ.....<br>- Петок – НА ШКОЛО СО ТОЧАК... | 55.000 ден. |
| 21 | ЗГ Месна заедница с.Серменин - Гевгелија | -Еколошка акција на 20.05.2025 год. | 20.000 ден. |
| 22 | Општински противпожарен сојуз- Гевгелија | - Организирање и спроведување на квиз натпревари од областа на заштитата од пожари во основните и средните училишта......<br>- Изготвување на информативен пропаганден материјал,<br>- Ангажирање на доброволни пожарникари, нивна основна обука во областа на пожарникарството,<br>- Обезбедување на лична заштитна опрема, осигурување (полиса) од повреди за време на гаснење на пожари... | 20.000 ден. |
| 23 | Здружение за психосоцијална поддршка и развој "САНКТУМ" - Гевгелија | -Работилници за препознавање и управување со емоции,<br>-Тренинзи за емпатија и градење пријателства,<br>-Завршна изложба и претстава... | 20.000 ден. |
| 24 | Здружение за социјални работи "ВЕРА и НАДЕЖ" - Гевгелија | -Игрите од детството на тато и мама,<br>-Ало, ќе дојш да си играјме на....? | 15.000 ден. |
| 25 | ЗГ ЖРК "ВЕТЕРАНИ ЈУГ" - Гевгелија | -Мини турнир со ракометни екипи ветеранки од Куманово, Струга, Богданци и Гевгелија,<br>-Меморијален еднодневен турнир во Куманово. | 35.000 ден. |
| 26 | ЗГ Навивачки клуб "ФАНТОМИ" – Гевгелија | -Бодрење на градските клубови ФК КОЖУФ и КК КОЖУФ, правење на навивачки реквизити, маици, шалови, цртање и правење кореографија за секој натпревар,<br>-Прослава на навивачката група, по повод постоењето на истата.<br><br>- Зелен град, | 40.000 ден.<br><br>50.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | ЗГ "ЧЕЈНЏМЕЈКЕРС" - Гевгелија | - 0 отпад,<br>- Посета на саемот за туризам Вакантибурс Утрехт, Холандија | |
| 28 | **ДРУГИ АКТИВНОСТИ:** | | **35.000 ден.** |
| | **Вкупно предложени средства од Буџетот на О.Гевгелија за 2025 година:** | | **1.200.000 ден.** |

**3.Финансирање**

-Активностите утврдени со оваа Програма општината ќе ги поддржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма ДО.

**4**.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-421/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измена на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија**

Се објавува Програмата за измена на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/7
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------------------

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Закон за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 255/24), Закон за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и

урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл.весник на РМ“ бр.123/2008), и Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и одобрението за поставување на урбана опрема (Сл.весник на РМ бр.36/2010) донесено од Министерството за транспорт и врски, изработена е:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА**
**за поставување на урбана опрема на**
**подрачјето на општина Гевгелија**

**ЧЛЕН 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија донесена со Одлука бр.09-1605/1 од 26.12.2024 година и објавена во Службен Гласник на Општина Гевгелија бр.26 од 31.12.2024 година во точка 2 - **Видови на урбана опрема** делот **Самостоечки рекламни паноа** се менува и гласи:

**Самостоечки рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноасе поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.98/19 и 302/20), Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во општина Гевгелија„Сл гласник на општина Гевгелија бр.07-1614/1 од 11.05.2010 година и платен надоместок закомунална такса согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во општина Гевгелија, („Сл.гласник на општина Гевгелија“ бр.07-1452/1 од 18.06.2009 година.

**Самостоечки рекламни паноа – билборди** на подрачјето на општина Гевгелија може да се постават на следниве локации:

1. Од Б1 до Б24 на улица Булевар “Гевгелија”;
- Б1 на раскрсница помеѓу улица ,,Деко Ковачев,, и Булевар ,,Гевгелија,,
- Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, Б7 и Б8 во близина кружен тек на раскрсница помеѓу улица ,,7-ми Ноември,, и Булевар ,,Гевгелија,, од десна страна
- Б9, Б10 и Б11 на Булевар ,,Гевгелија,, во близина на ООУ ,,Владо Кантарџиев,,
- Б12 и Б13 непосредно пред натпатникот за излез од градот
- Б14 и Б15 од десна страна на натпатникот при влез во градот пред мостот
- Б16 и Б17 од лева страна на натпатникот при влез во градот пред мостот
- Б18 и Б19 во близина на бензинска пупма ,,Окта,, на влез во градот
- Б20, Б21, Б22, Б23 и Б24 од двете страни на улицата при влез/излез во градот во близина на фабрика ,,Пајдаков,,.

**2. Од Б25 до Б27 на улица “7-ми Ноември”;**
- Б25 на улица ,,7-ми Ноември,, во близина на гаражи на ЈПКД ,,Комуналец,,
- Б26 и Б27 на улица ,,7-ми Ноември,, во близина на Народен Театар Гевгелија

**3. Од Б28 до Б31 - Центар**
- Б28 и Б29 во зеленило пред Основен Суд Гевгелија
- Б30 на плоштадот во близина на градската фонтана и Силк Роад Банка
- Б31 пред градската библиотека ,,Гоце Делчев,,

**4. Од Б32 до Б34 на улица “Филип Втори Македонски”;**
- Б32, Б33 и Б34 на потегот од бензинска пумпа ,,Окта,, кон Мотел ,,Вардар,, во близина на бензинската пумпа

**5. Од Б35 до Б40 на автопат "Пријателство" кон Граничен премин "Богородица".**

Услови за поставување на самостоечките рекламни паноа – билборди се следните:
- Минималната висина за слободен простор под самостоечката рекламна табла изнесува 2,4м. сметано од кота на терен.
- Максимална големина на рекламната табла да изнесува 15,оо $m^2$.

**ЧЛЕН 2**

Во точка 3 - **Начин и услови за поставување и одржување на урбана опрема**, во потточка III - **За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти** се дополнува:

За добивање одобрение за поставување на билборди потребно е да се достави: 1. Извод од Програма, со микролокациски услови и Геодетски елаборат за утврдување на точната местоположба на рекламното пано – билборд.
2.Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата,за светлечки рекламни паноа основниот проект треба да содржи и фаза Електрика.
Составен дел на оваа програма е графички приказ на микролокациите за поставување на Самостоечки рекламни паноа – билборди.

**ЧЛЕН 3**

**Надзор над примената на оваа Програма врши овластениот градежен инспектор на Општина Гевгелија.**

**ЧЛЕН 4**

Оваа измена стапува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-422/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија"" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/8
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 941 и КП 945 КО Негорци, општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива на барателот Друштво за производство, трговија и услуги ,,ФАРМЕРС ЛТД,, доо од Гевгелија.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проект од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-423/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/9
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2025 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Гевгелија за 2024 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Гевгелија за 2024 година

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-424/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2025 година,
што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/10
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности ( "Службен Весник на РМ" бр.95/12, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 г. и "Службен Весник на РСМ" бр.302/20, 255/24, 03/25 и 17/25 год.) и член 38 став(1) точка 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2025 година**

## 1.ВОВЕД

Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки. Тоа се превентицни мерки кои се преземаат со цел сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести.

## 2.ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од преносители на заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2024 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

**3.АКТИВНОСТИ**

Во 2025 година, за спречување на појава од заразни болести предизвикани од микроорганизми, инсекти и штетници, општина Гевгелија ќе ги превземе следните активности:

| | Мерки и активности | Место и локација | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Дезинфекција Дезинсекција и Дератизација | 1.Основни училишта, детски градинки, јавни општински установи и др.објекти<br>2.Дезинсекција против комарци на целата територија што ја опфаќа општина Гевгелија.<br>3.Дератизација ( пролетна и есенска ) | 1.400.000,00 ден. |
| | | **Вкупно денари:** | **1.400.000,00 ден.** |

**4. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-425/1
14.03.2025 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорѓе Попов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за усвојување на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"**
**-Гевгелија за 2025 година за планирани приходи и расходи**
**за сметка 7150108249785ф0**

Се објавува Решението за усвојување на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија за 2025 година за планирани приходи и расходи за сметка 7150108249785ф0,што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/11
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 г.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 3 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05............ 64/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.229/20 и 244/20 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.03.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" -Гевгелија за 2025 година за планирани приходи и расходи за сметка 7150108249785ф0**

1.Се усвојува финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија за 2025 година, за планирани приходи и расходи за сметка 7150108249785ф0,усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-348/1 од 10.03.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-426/1
14.03.2025 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за усвојување на Годишниот финансов извештај и Годишната сметка на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Решението за усвојување на на Годишниот финансов извештај и Годишната сметка на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 14.03.2025 година.

Бр.08-450/12
18.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 г.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на Годишниот финансов извештај и Годишната сметка на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија за 2024 година**

1.Се усвојува Годишниот финансов извештај и Годишната сметка на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“-Гевгелија за 2024 година, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлуки бр.02-241/1, 02-248/1, 02-249/1, 02-256/1, 02-242/1, 02-250/1, 02-243/1, 02-251/1, 02-247/1, 02-255/1, 02-245/1, 02-253/1, 02-244/1, 02-252/1, 02-257/1, 02-258/1, 02-246/1, 02-254/1 од 25.02.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-427/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

